32814

Вечер, Скопје, 17 септември 1985, 6894, 11

СРЕДБА СО РУБЕНС КОРУБИН, АКАДЕМСКИ СЛИКАР ОД СКОПЈЕ

# ПОЕТИКАТА НА СЛИКАРОТ

**● СЛИКАТА ЈА ЗАПОЧНУВАМ НАПАМЕТ СЛЕДЕЈЌИ СЕ ПРИ ТОА СЕБЕ СИ И СВОИТЕ ВНАТРЕШНИ ИМПУЛСИ, ПА ТАКА, ЧЕСТО МИ СЕ СЛУЧУВА ОНА ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗЕ ОД МОЈАТА РАКА ДА МЕ ИЗНЕНАДИ И МЕНЕ И МОЈАТА ПОТСВЕСТ — ВЕЛИ РУБЕНС КОРУБИН, ЧИЈА ИЗЛОЖБА ЌЕ БИДЕ ОТВОРЕНА ВЕЧЕРВА ВО УМЕТНИЧКАТА ГАЛЕРИЈА ВО СКОПЈЕ**

**Во Уметничката галерија во Скопје, вечерва, во 19 часот, ќе биде отворена самостојната изложба на Рубенс Корубин, академски сликар од Скопје. Изложбата донесува триесетина дела, од кои дваесетина се масло на платно, а останатите се цртежи работени во комбинирана техника.**

**Вечерашнава средба со Рубенс Корубин со право очекуваме дека ќе биде вистинско доживување за поклониците на уметноста, дотолку повеќе што скопјани по пет години имаат повторно можност да се сретнат со делата на овој веќе созреан сликар од помладата генерација македонски ликовни уметници.**

**● ЛИРСКИ ЗАНЕС**

Како ретко која средба со некое уметничко дело, најновите творби на Рубенс Корубин нè нурнуваат длабоко во еден суптилен свет каде основни двигатели се лирскиот занес, убавината и поетиката на сликарот. Носејќи го неговиот препознатлив ликовен ракопис на фигуративно изразување и едно импресивно богатство од бои, делата на овој уметник силно нè внесуваат во еден суптилен свет на заборавени соништа, на згаснати огништа, на тајните на човековата душа, драматиката на човековото битисување, ехото на болка предизвикана од неминовноста на минливоста, осаменоста...

**— Создавајќи едно дело, всушност, најповеќе се следам себе си и своите внатрешни импулси — ни рече Рубенс Корубин во разговорот што го поведовме со него. — Јас говорам за човекот кој помни, а не се сеќава, ги изнесувам на виделина сите оние заборавени нешта кои тлеат во мојата потсвест, се повикувам на минатото, инсистирам на убавината која во својата најчиста фор-**



РУБЕНС КОРУБИН

**ма можеби се наоѓа во природата, во снопот месечева светлина, во здивот на ветерот, во скриени те катчиња на градината, кои во целата своја раскошност се откриваат само пред љубопитните очи.**

**● ЧУДЕСНИ ПОЗНАНСТВА**

При нашата најнова средба со вашите дела не можеме, а да не ја почувствуваме немоќта на зборот да го изрази говорот на уметничкото дело. Во последно време, меѓу другите кај вас се сретнуваат сè почесто мотиви на старите македонски разурнати домови?

**— За мене тие се како чудесно познанство со едно непознато суштество, како еден ковчег преполн со најинтересни записи сказни и човечки судбини. Како од ликовен, така и од духовен план тие стари, разурнати домови со силното ехо и резонанца која ја носат во себе се вистински предизвик за мене, дотолку повеќе што сме сведоци на една несопирлива урбанизација, која, како што го урива достоинството на овие убави македонски домови, така ги руши и основните вредности на човековите судбини.**

**● БЛИСКУ ДО СЕБЕ**

— Како тече процесот на создавањето на едно ваше дело?

**— Кон ниту едно ново дело не пристапувам со однапред замислени идеи и скици. Сликата ја започнувам напамет, па така барајќи ги основните елементи често ми се случува една слика да доживее неочекувани трансформации. Така, она што некогаш ќе произлезе од мојата рака, често е потполна непознатица и ме изненадува мене и мојата потсвест. Зошто, својот физикус го чувствувам послаб и понесовршен во споредба со мојот дух, а ова свое тело го чувствувам како голем терет, кој го носам на еден пат, на кој тоа не ми дозволува да се движам така лесно. Токму затоа, и многу често ми се случува да се навраќам повторно на една слика. Можам да работам на една слика бесконечно долго се дури не почувствувам дека дише со полни гради, додека не дојде до оној степен во кој е апсолутно незаменлива.**

— Оттаму, дали сте задоволен од досега постигнатото?

**— Не верувам дека постои сликар кој е задоволен од своето творештво. Зошто, создавајќи едно дело, и борејќи се да бидам што поблизу до себе, ниту една нова слика или цртеж не ме празни, туку, како да го зголемува мојот творечки апетит и капацитет.**

**В. Саздова**